РЕВИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА, РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПЕРИОД ОД 04.06.2011г. до 31.12.2011г.

Скопје
19.09.2012

С О Д Р Ж И Н А

- ВОВЕД 3

- ОРГАНИ НА АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО
ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ
ОСНОВНА ДЕЈНОСТ 3

- ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ
КАДРОВСКА ПОЛИТИКА 6

- РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 ГОДИНА
Извештај за финансиска состојба- Биланс на состојба..... 7

Ревидирани извештај за сеопфатна добивка - Биланс на успех 8

Ревидиран извештај за промена на капиталот 10

Ревидиран извештај за парични текови 11

ДЕЛОВНА АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011Г. 12

АНАЛИЗА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА 2011Г.

ИЗВЕШТАЈ ЗА МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ЗА 2011Г. 14

- ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ
- УТВРДУВАЊЕ НА ДОБИВКА

ЗАКЛУЧОЦИ

ВОВЕД

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, својата дејност во својство на правно лице ја отпочна од 04.Јуни 2011 година.

Седиштето на претпријатието е на ул. Орце Николов бр. 138 во Скопје. Правната основа за воспоставување и функционирање на друштвото е врз основа на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопаниавување со станбен и деловен продстор на РМ (Сл. Весник на РМ бр. 105/09) и Законот за трговски друштва.

Со планот за поделба на ЈПССДП на РМ и делбениот биланс врз основа на кој АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост е запишано во Централниот регистар на РМ , друштвото ги превзеде правата, обврските, опремата и вработените и ја отпочна својата работа.

ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Органи на АД за стопаниосување со деловен простор во државна сопственост се :

- Собрание
- Одбор на директори

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на РМ . Собранието одлучува само за прашања определени со Закон и со статутот на Друштвото а особено за :

- Донесување на измени на статутот на Друштвото
- Одобрување на Годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работењето во предходната година и одлучување за распределба на добивката
- Избор и отповикување на членови на одборото на Директори
- Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на одборото на Директори
- Одобрување на менаџерскиот договор што се склучува помеѓу Друштвото и член на Одборот на Директори
- Промени на правата врзани за одделни родови и класи на акции
- Зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото
- Издавање на акции и хартии од вредност
- Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и на финансиските извештаи
- Преобразба на друштвото во друга форма на Друштвото
- Одлучува за покривање на загубите на Друштвото и
- Престанување на друштвото

УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТОТО

Управувањето со друштвото е организирано според едностепен систем при што , орган на управување на Друштвото е Одбор на Директори.

Одборот на Директори работи во состав од пет членови :

- Михајло Коштримовски до 03.10.2011г. , а потоа Шеваљ Цеку
- Ристо Новачевски
- Славе Гошев
- Панче Тошковски
- Исљам Ибраими

од кои еден е извршен и четири неизвршни членови, при што еден од неизвршните членови е независен член.

Членовите на Одборот на Директори се избираат за време од четири години, со право на реизбор.

Извршниот член на Одборот на директори го носи називот Генерален Директор.

Одборот на Директори, од редот на своите неизвршни членови, избира председател на Одборот.

Одборот на Директори во рамките на својата надлежност , ги врши следните работи :

- ја утврдува деловната политика
- донесува програма за работа и развоен план на друштвото, годишен оперативен план за работа, годишен финансиски план, годишен план за јавни набавки, програма за инвестициони вложувања
- поднесување на тримесечни извештаи за работењето на Друштвото до Собранието на Друштвото
- Го усвојува Елаборатот за попис на средствата , побарувањатаи обврските на Друштвото
- Усвојува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото по истекот на деловната година
- Одлучува за расходување и оттуѓување на основни срредства
- Одлучува за вршење на отпис на средствата , побарувањата и обврските
- И за други работи предвидени со статутот на Друштвото и други акти ставени во негова надлежност

Генералниот Директор го води работењето на Друштвото , го представува и застапува во односите со трети лица, и може да даде овластување на други лица за застапување на Друштвото на начин утврден со Закон.

Генералниот Директор ги извршува сите активности предвидени со статутот на друштвото.

Неизвршните членови вршат надзор над работењето од страна на извршниот член, имаат право да вршат увид и проверка во книгите и документите на Друштвото

Во извештајниот период за 2011год. функцијата генерален Директор на Друштвото ја обавуваше Михајло Коштримовски, согласно Одлуката за именување со мандат од 04.06.2011г. до 03.10.2011г. кога беше отповикан.

Од 03.10.2011г. за Генерален Директор на Друштвото е назначен Шевалъ Цеку врз основа на Одлука за избор на извршен член бр. 02-1110/3

Други раководни работници според статутот на Друштвото се :
Раководителите на подружниците назначени од Одборот на Директори врз основа на Одлуката за изменување од 05.06.2011г. Овие работници ги именува и ги разрешува Директорот на Друштвото.

Раководни работници на Друштвото во периодот кој го опфаќа Извештајот се :

Раководители на Подружниците :

- ПО Скопје	Раководител Јанко Михајловски
- ПО Битола	Раководител Зоран Атанасовски
- ПО Охрид	Раководител Сандра Стојковска
- ПО Куманово	Раководител Благица Стаменовска
- ПО Штип	Раководител Елеонора Газинкова Георгиева
- ПО Велес	Раководител Илија Чуповски
- ПО Прилеп	Раководител Мики Еклер
- ПО Кавадарци	Раководител Драган Толов
- ПО Тетово	Раководител Мирка Мирчевска
- ПО Струмица	Раководител Марија Поцева
- ПО Кочани	Раководител Здравко Нацински
- ПО Кичево	Раководител Нада Белеска

ОСНОВНА ДЕЈНОСТ

Дејноста на Друштвото е стопанисување со деловниот простор во државна сопственост , а особено следните работи **:**

- Инвестиционо и тековно одржување на деловниот простор
- Утврдување на висината на закупот, односно на склучување на Договори за закуп на деловен простор
- Водење единствена евиденција на деловниот простор со кој стопанисува

Во остварувањето на работите од дејноста Друштвото ги врши работите утврдени во годишната програма за тековно инвестиционо одржување на деловниот простор во државна сопственост .

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

За внатрешната организација на Друштвото одлучува Одборот на Директори. Заради вршење на работите од дејноста во Друштвото се организира :

- Дирекција и Подружници

Друштвото своето работење го врши преку сектори и други организациони делови во подружниците чие седиште се определува со оштиот акт за организација и систематизација на Друштвото

На организационен план Друштвото е составено од дванаесет Подружници и Дирекција со седиште во Скопје.

Подружниците немаат својство на правно лице , но нивните дејности , права и обврски во настапувањето во правниот промет се запишуваат во трговскиот регистар.

Друштвото работите од својот делокруг ги врши како единствена организационо – правна целина, а заради обезбедување на потребната координација во остварувањето на работите во дејностите на ниво на Друштво како целина, се организираат стручни служби во секторите.

Органи на Друштвото се Одборот на Директори и Директорот на Друштвото

КАДРОВСКА ПОЛИТИКА

Бројот на вработени во друштвото на 31.12.2011г. е 104 лица

Табела со кфалификациона структура на Подружници

стручна спрема	Скопје	Битола	Куманово	Прилеп	Струмица	Кичево	Штип	Кавадарци	Велес	Охрид	Тетово	Кочани	вкупно
М-р													0
ВСС	11	3	1	4	3	3	2	1	0	1	0	0	29
ВШС	3	1	1	1	2	0	1	0	0	2	0	0	11
ССС (IV степен)	29	4	1	2	3	3	3	3	2	1	2	2	55
ВКВ	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
ССС (III степен) - КВ	3	0	1	0	1	0	0	1	0	1	0	0	7
НК	2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	2
вкупно:	48	8	4	7	9	6	6	5	2	5	2	2	104

РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 ГОДИНА

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

А СРЕДСТВА	Состојба на 31.12.2011г.
Нетековни средства	
- Нематријални средства – нето	
- Материјални средства – нето	738.906.944
- Финансиски вложувања	903.625.694
Вкупно долгорочни средства	**1.642.532.638**
Тековни средства	
- Залихи	146.348.748
- Побарувања од купувачи	36.053.329
- Други краткорочни побарувања	111.164.069
- Финансиски вложувања	
- Пари и парични средства	54.636.780
Вкупно обртни средства	**348.202.926**
ВКУПНИ СРЕДСТВА	**1.990.735.564**
Б КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ	
- Запишан капитал	1.066.190.103
- Останат незапишан капитал	858.053.476
- Загуба од тековна година	-32.610.190
Вкупно капитал и резерви	**1.891.633.388**
ОБВРСКИ	
- Долгорочни обврски	
- Краткорочни обврски	2.113.442
- Други краткорочни обврски	95.660.692
- Резерв. за обврски и трошоци ПВР	1.328.042

Вкупно обврски	**99.102.176**
ВКУПНО КАПИТАЛ ,РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ	**1.990.735.564**

РЕВИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
(во денари)

		Состојба на 31.12.2011г.
- Приходи од продажба		53.142.566
- Трошоци од продажба		1.807.468
Бруто добивка од продажба		51.335.098
- Останати деловни приходи		3.051.554
- Администрација		31.121.742
- Амортизација		17.049.612
- Вредн.усогл.на кратк.средства		13.901.490
- Останати трошоци на работење		3.543.992
-Вредн.усоглас.побар. ЈП	34.359.727	
ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ		45.589.911
- Приходи од учество во влож.		12.073.477
- Приходи/расходи по основ на камати и курсни разлики		5.588.927
- Загуба од редовно работење пред оданочување		27.927.508
- Данок на неприз.трошоци		4.682.682
НЕТО ЗАГУБА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ		**32.610.190**

РЕВИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА

Позиција	31.12.2011	БЕЛЕШКА
Загуба за годината	32.610.190	
Останата сеопфатна добивка (од Р.бр. 054 до Р.бр. 060)	-	
Курсни разлики од пресметка на вложување во странство	-	
Добивка или загуба по основ на повторно вреднување на финансиски средства расположиви за продажба	-	
Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на паричниот тек	-	
Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните средства	-	
Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на нето вложување во странство	-	
Удел во останата сеопфатна добивка на придружени претпријатија	-	
Актуарски добивки (загуби) од пензиски планови на дефинирани користи	-	
Данок на добивка кој се однесува на компонентите на останата сеопфатна добивка	-	
Нето останата сеопфатна добивка /загуба за годината	-32.610.190	
Вкупна сеопфатна добивка/загуба	-32.610.190	

РЕВИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА КАПИТАЛОТ ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

Позиција	Состојба 04.06.2011	Зголемувања	Намалување	Состојба 31.12.2011
Запишан капитал	1.066.190.103			1.066.190.103
Друг незапишан капитал	827.653.223	36.639.478	6.239.225	858,063,476
Загуба за тековната год.			32.610.190	-32.610.190
Вкупно капитал и резерви	1.893.843.326	36.639.478	38.849.415	1.891.633.389

Остварено е нето намалување на капиталот во износ од 2,209,937ден.
односно :

Вкупно зголемување	36,639,478
Вкупно намалувања	-38.849.415
Нето намалувања	2.209.937

Зголемувањето на капиталот е резултат на внесување на вредност на поедини објекти во износ од 2.279.750 ден,како и корективно книжење на исправката на побарувањата по Ревизорскиот извештај , во висина од 34.359.727 денари ,а намалувањето на запишаниот капитал е резултат на бришење од евиденција на деловни простории кои се пренесени во сопственост на други правни субјекти. Загубата е резултат на исправката на побарувањата кои во проценката беа намалени на терет на капиталот,а со Ревизијата се прокнижаа како трошок.

РЕВИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ за 2011 година

		31.12.2011
1	***Парични текови од деловни активности***	
	Добивка по оданочување	5.185.510
	Усогласување за амортизација	17.049.612
	Намалување/зголемување на побарувања од купувачи и други побарувања	-885.387
	Намалување/зголемување на залихите	-918,823
	Зголемување/намалување на обврски кон добавувачи и други тековни и нетековни обврски	10.280.954
	Вкупно усогласувања	13.901.490
	Нето парични средства од деловни активности	44.613.356
2	***Парични текови од инвестициони активности***	
	Набавка на основни средства	
	Продажба на основни средства	
	Аванси за основни и материјални средства	
	Нето парични средства користени за инвестициони активности	
3	***Парични текови од финансиски активности***	
	(Отплата) / прилив на обврски од/по кредити	
	(Одлив) / прилив на дадени долгорочни кредити -нето	
	Нето парични средства користени за финансиски активности	
	Нето зголемување/намалување на парични средства и еквиваленти на парични средства	44.613.356
	Парични средства и еквиваленти на парични средства на почеток на годината	10.000.000
	Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на годината	54.613.356

ДЕЛОВНА АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 ГОДИНА И ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Со анализата на финансиските извештаи се утврдува финансиската и економската состојба на Друштвото. За анализата се користени индикатори добиени од финансиските извештаи: биланс на состојба, биланс на успех, извештај на готовински текови, извештај за промени на капиталот и консолидираниот биланс на состојба.
При подготовката на консолидираните финансиски извештаи, финансиските извештаи на Друштвото и подружниците, се составуваат ставка по ставка, се собираат ставките на средства, обврски, главнина, приходи и расходи согласно меѓународниот сметководствен стандард 27. Салдата во рамките на Друштвото и трансакциите во рамките на подружниците во финансиските извештаи, се целосно елиминирани, односно заради веродостојно финансиско известување изземени се ставките на кои се евидентирани односите помеѓу подружниците и и Дирекцијата на Друштвото.
Во извештајниот период, Друштвото како новоосновано, нема реализирано деловни активности за тековно и инвестиционо одржување на објектите,како ни набавки на опрема и канцелариски материјали, поради незавршени тендери за јавни набавки.

Од горните причини во овој период не е реално да се прави анализа на показателите за профитабилност, ликвидност, економичност, деловна активност и финансиска стабилност,

АНАЛИЗА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ЗА 2011 ГОДИНА

Извештајот за парични текови ги прикажува изворите кои на Друштвото му обезбедуваат готовина (парични приливи) и употреба на таа готовина од негова страна (парични одливи). Информациите за паричните (готовинските) текови на претпријатието им користат на корисниците на финансиските извештаи како основа за вршење на проценки на можностите на Друштвото да остварува парични средства и парични еквиваленти, како и за согледување на начинот на кој се користат (се управува со) паричните средства - текови. Извештајот за парични текови дава важни информации за квалитетот на добивката и финансиската способност на претпријатието, како и за структурата на финансиските средства, поточно дали ликвидноста се темели врз сопствени или туѓи извори на средства. Тој е значаен, како за тековното одлучување, така и за планирање и контрола на идните деловни активности.

Друштвото покажува зголемување на нето готовински текови во износ од 44.613.356 денари, што значи дека вкупните парични текови се позитивнии, бидејќи во извештајниот период се уплатени повеке пари отколку што се исплатени

Готовински тек од оперативни активности не е реализиран затоа што не беа завршени тендерите за јавни набавки .

Промени кај материјалните средства произлегуваат од нивното зголемување и намалување од непарични трансакции кои не делуваат на готовинските текови, а тоа значи дека промените се исклучиво поради усогласување на фактичката состојба на материјалните средства со сметководствената.

Преглед на промени кај материјалните средства

ОПИС	Набавна вредност	- исправка на вредн.	= Сегашна вредн.
Намалување-делов.прос,	5.587.133,00	- 1.627.658,00	= 3.959.475,00
Намалув.-основни средства	1.467.709,50	- 1.467.709,50	= 0
Вкупно	7.054.842,50	- 3.095.367,50	= 3.959.475,00

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 04,06.2011 ДО 31,12.2011 ГОДИНА

Стопанисувањето во 2011 година на Друштвото се одвиваше во услови на усвоени програмски задачи, како што се: Програмата за стопанисување деловните простории, План за финансиското работење и сл., но поради не завршени тендери за јавни набавки , програмските задачи останаа не реализирани.

При искажување на состојбата во Друштвото во 2011 година, се користени податоците од 11,-те Подружници и Дирекцијата, вклучувајќи ги и соодветните пописни листи.

Извештајот ја опфаќа состојбата на:

- стопанисување со деловни простории
- финансиски показатели
- утврдување на добивката

. СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ

Бројот на деловните единици и нивната површина искажан според податоците од Подружниците , се искажуваат во Табелата што следува:

2. Книговодствена вредност на деловните простории

Конто 021 Деловен простор на стопанисување

состојба 31.12.2011					
Подруж	**Вкуп.**	**Вкупно м2**	**Набавна вредност**	**Испр. на вредност**	**Сегашна вредност**
1	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**
Кавад.	57	1.753,48	69.040.313	24.533.472	44.506.842
Прилеп	53	5.562,66	118.488.095	30.075.423	88.412.672
Велес	64	2.417,00	35.503.071	18.618.664	16.884.407
Струм.	57	3.768,00	28.374.751	11.410.009	16.964.742
Штип	90	5.584,00	42.254.419	26.101.609	16.152.810
Кочани	42	1.436,72	11.472.323	4.176.338	7.295.985
Скопје	226	20.077,04	359.975.553	87.037.518	272.938.034
Куман.	104	3.288,98	66.709.973	28.447.191	38.262.782
Тетово	52	2.232,75	65.063.208	18.807.575	46.255.632
Битола	257	9.404,86	98.010.544	52.039.323	45.971.220
Охрид	97	5.575,58	113.688.530	44.309.587	69.378.943
Кичево	60	2.463,87	118.302.816	55.495.274	62.807.542
Вкупно	**1.159**	**63.564,94**	**1.126.883.595**	**401.051.983**	**725.831.611**

За вкупниот број на деловни простории 1.159 со површина 63.564,94 м2 со набавна вредност изнесува 1.126.883.595 денари, исправката на вредност изнесува 401.051.983 денари и сегашната вредност е 725.831.611 денари.

ТАБЕЛА НА ЗАЛИХА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

Подр.	Сметководствена состојба 31.12.2011				
	Вку.	Вкупно м2	Набавна вредност	Испр. на вредност	Сегашна вредност
1	2	3	4	5	6
Кава.	9	254,00	11.076.267		11.076.267
Прилеп	27	978,60	27.033.319		27.033.319
Струм.	15	535,00	11.445.753		11.445.753
Штип	12	244,00	3.982.038		3.982.038
Скоп	95	2.003,24	45.378.772		45.378.772
Бит	21	1.158,49	32.669.994		32.669.994
Охр	8	169,39	4.778.385		4.778.385
Кич	9	291,46	9.984.240		9.984.240
Вкуп	196	5.634,18	146.348.767		146.348.767

Вкупната вредност на залиха на деловен простор, подруми изнесува 146.348.767,00денари

ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

1. Приходи од продажба на учиноци

Приходите од продажбата на учиноци по видови во извештајниот период се прикажуваат во следниот преглед:

(денари)

Р. бр.	Вид на приход	Остварено 2011	% учество вкупно приход
1	Фактурир.закупнина	51.223.353.50	69.36
2	Однапред платена закупнина	180.483.00	0.24
3.	Наплатени отпишани побарувања	1.738.729.50	2.35
А Вкупно од закупнина		**53.142.566,00**	**71,95**
4	Останати - Тендери	14.047.50	0.02
5	Наплатени пенали и слично	238.696.50	0.32
6	Наплатено по спогодби	1.598.869.50	2.16
7	Останати неспомнати деловни приходи	1.199,941.00	1.62
Б Вкупно други приходи		**3.051.554,50**	**4,13**
8	Приходи од камата	5.588.927.00	7.57
9	Приходи од дивиденда	12.073.477.50	16.35
В Вкупно финансиски приходи		**17.662.404.50**	**23.92**
	Вкупно А + Б + В	**73.856.525,00**	**100,00**

2. Трошоци на работењето

Вкупните трошоци за стопанисувањето со деловните простории како и трошоците за извршувањето на функцијата , се прикажуваат во следниот преглед:

Р. бр.		Вид на трошок	Остварено 2011	Индекс
Матријални трошоци				
1	400	Потрошен канцелариски и друг материјал	167.967.00	0,17
2	401	Потр. енерг. горива	418.026.00	0,41
3	410	ПТТ и транспорт. услуги	473.934.00	0,47
4	405	Отпис на ситен инвентар	64.385.00	0,06
5	412	Услуги за одржување опрема и хигиена	107.005.50	0,10
6	419	Останати матријални трошоци – услуги	576.151,00	0,56
А Вкупно од 1 до 6			**1.807.468.50**	**1,77**
7	430	Амортиз. на објекти и опрема	17.049.612.00	16,75
8	436	Исправка на побарувањата 2011 Исправка на побарувањата ЈП	13.901.490.50 34.359.727,50	13,66 33,76
Б Вкупно од 7 до 8			**65.310.830,00**	**64,17**
Немријални трошоци				
9	440	Трошоци за превоз и сопствено возило	103.512.00	0,10
10	441	Други надоместоци на трошоци	600.257.00	0,60
11	442	Репрезентација	124.998.50	0.12
12	443	Трошоци за осигурување	38.892.00	0,03
13	444	Други даноци и придонеси	705.232.00	0,70
14	447	Провизија на банкарски услуги	230.612,50	0,22
15	449	Други нематеријални трошоци	447.649.00	0.44
16	45	Останати трошоци	1.837.342,00	1,81
17	48	Камати	55.754,00	0,05
В		**Вкупно од 9 до 17**	**4.144.249.00**	**4,07**
Трошоци за плати на вработените				
18		Нето плати	20.499.869.00	20,14
19		Данок и придонеси од плата	10.021.616.00	9.85
Г		**Вкупно од 18 до 19**	**30.521.485.00**	**29.99**
		Вкупно трошоци А+Б+В+Г	**101.784.032.50**	**100**

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

1	ВКУПНО ПРИХОДИ	73.856.525
2	ВКУПНО ТРОШОЦИ	101.784.032
	ОСТВАРЕНА НЕТО ЗАГУБА	27.927.507

3. Приходи и расходи по Подружници

Преглед на вкупните приходи и расходи по Подружници

Р.б	***Подружница***	***Приходи***	***Расходи***	***Добивка/Загуба***
1	***2***	***3***	***4***	***5***
1	Скопје	36.908.716,50	40.024.270,00	-3.115.553,50
2	Битола	8.515.651,50	9.443.285,50	-927.664,00
3	Струмица	1.921.512,00	5.046.943,00	-3.125.431,00
4	Куманово	2.307.276,00	3.782.477,00	-1.475.201,00
5	Тетово	2.540.063,50	7.690.613,50	-5.150.550,00
6	Прилеп	5.543.859,50	12.374.077,00	-6.830.217,50
7	Кичево	3.002.045,00	3.421.921,00	-419.876,00
8	Кочани	436.897,00	2.956.983,00	-2.520.086,00
9	Кавадарци	1.224.119,00	2.288.570,00	-1.064.451,00
10	Охрид	5.523.731,50	7.310.881,00	-1.787.149,00
11	Велес	3.607.221,00	1.905.300,00	1.701.021,00
12	Штип	2.325.432,50	5.538.711,00	-3.213.278,50
13	Дирекција			
	ВКУПНО	**73.856.525,00**	**101.784.032,00**	**-27.927.506,50**

Од прегледот на вкупните приходи и расходи по Подружници може да се констатира дека сите Подружници освен Велес, со остварените приходи не ги покриваат расходите на работењето,со напомена дека загубата во целост е резултат на исправката на вредноста на побарувањата по корективните книжења од ревизорскиот извештај.

Утврдени се отстапувања во податоците на веќе поднесената годишна сметка пред спроведување на ревизорското мислење и тоа :

1. Податоци од годишната сметка за период од 04.06.2011 до 31.12.2011г. пред спроведување на ревизорското мислење :

   - Приходи 73.856.525,00
   - Расходи 67.424.305,00
   - Добивка **6.432.220,00**

2. Податоци од годишната сметка за период од 04.06.2011 до 31.12.2011г. по спроведено ревизорско мислење :

   - Приходи 73.856.525,00
   - Расходи 101.784.032,00
   - Пресметан данок на добивка **- 4.682.682,00**
   - Загуба - **32.610.189,00**

Утврдената разлика во податоците по спроведеното ревизорско мислење односно искажување на загуба од работењето во износ од 32.610.189,00 денари , произлегува од спроведување на ревизорското мислење односно докнижување на исправка на вредност на стари побарувања во износ од 34.359.727,50 ден. и пресметан данок на добивка на исправката во износ од 4.682.682,00 ден**.,** а не од тековното работење на Друштвото, кое во периодот од 04.06.2011 до 31.12.2011 година искажа позитивно работење и оствари добивка од 6.432.220,00 денари.

Заклучоци

За подобрување на резултатите во наредниот пресметковен период потребно е зголемени активности за реализација на програмата за тековно и инвестиционо одржување, со што ќе се подобри квалитетот на деловниот простор и ќе се стават во функција неиздадените деловни простории.

Да се обрне посебно внимание на трошоците кои имаат значајно учество во вкупните трошоци, односно контрола врз материјалните и нематеријалните трошоци.

Зголемена контрола над наплатата на побарувањата и раскинување на договорите за закуп на оние закупци кои се опоменати и тужени , а и понатака не плаќаат.

Зголемена контрола над Извршувањето на договорите дадени кај Извршител.

Реализацијата на горните заклучоци да се изврши, преку планирање на сите фактури и редовно следење на нивното извршување, преку месечните извештаи изготвени врз основа на објективните податоци утврдени со сметководствената евиденција.